


КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk

МАРТ 2024

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ФИНАНСИСКИ ДВИЖЕЊА

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Во текот на март 2024 година, економската слика во светот може да се опише како комбинација на стабилен раст и претпазливост, со добри макроекономски показатели во САД, а исто така и позитивни проекции за брзорастечките економии, особено во Азија. Сепак, еврозоната се соочи со забавеност поради негативните ефекти од затегнувањето на монетарната политика, што влијаеше врз економската активност која забележа мало намалување.

Глобалниот индекс MSCI ACWI во изминатиот месец оствари пораст од 2,93%. Во однос на регионите, STOXX 600 индексот што ги прикажува европските акции оствари најголем принос кој изнесуваше 3,65%. Веднаш по него се американските акции прикажани преку индексот S&P 500 со принос од 3,10%, кои исто така се со најголем пораст од почетокот на годината изнесувајќи 10,16%. Брзорастечките економии во текот на март влегоа во позитивна зона следено од почетокот на годината и нивниот пораст за истиот период изнесува 1,90%.




MSCI Asia – Pacific – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 13 земји од регионот Азија – Пацифик
MSCI Emerging Market – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 25 земји во развој
STOXX 600 – Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
S&P 500 – Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
MSCI ACWI – Светски индекс на акции кој ги следи цените на акциите во 47 држави

*Извор: Блумберг*




Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ



Македонскиот берзански индекс МБИ 10 и овој месец го заврши со пораст кој изнесуваше 3,77%, при што од почетокот на годината тој достигна 15,55%. Во текот на март, најголем пораст од акциите кои се негов дел, оствари НЛБ Банка со 13,61% и е на врвот со пораст од 34,57% следено од почетокот на 2024 година. Од друга страна, со намалена вредност завршија акциите на ТТК Банка за 3,96% и најнизок принос во првиот квартал кој изнесува 0,34%.




*Извор: Блумберг*



Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ




Приносите на обврзниците забележаа мало намалување во текот на последниот месец. Тие остануваат привлечни за купување, со оглед на тоа што се очекува намалување на основните каматни стапки од страна на централните банки во периодот кој следи.
На крајот од март, највисок принос од анализираните обврзници има македонската обврзница изнесувајќи 5,34%, додека најмала стапка на принос има јапонската обврзница, кој изнесува 0,73%.

**Движење на стапки на принос на десетгодишни државни обврзници**
*** Приносот се однесува на еврообврзница со датум на доспевање 03/10/2028.**




*Извор: Блумберг*

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk

# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ

На девизниот пазар, австралискиот долар (AUD) оствари мал пораст од 0,40% во однос на еврото. Минимален пораст и овој месец во однос на еврото оствари американскиот долар (USD) кој изнесуваше 0,14%, а од почетокот на годината останува со најголем пораст од 2,31%. Од друга страна, руската рубља (RUB) по два месеци без промена, во текот на март забележа најголем пад од 1,96%. Исто така, јапонскиот јен (JPY) и швајцарскиот франк (CHF) повторно остварија пад, со што од почетокот на годината се со најголемо намалување на вредноста 4,68% и 4,55%, соодветно.

**Движење на светските валути во однос на еврото (EUR)**




*Извор: Блумберг*